Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 6**

**01.04.2015**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Одлуката за проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар донесена на 32-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.03.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-354/1** **Општина Демир Хисар**
**01.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**335.** Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002,како и во согласност со член 34 од Законот за Буџет (Сл.весник бр.64/2005, 2008) а во врска со член 43 став 1 точка 2 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.3/02) Советот на општина Демир Хисар на 32 седница одржана на 27.03.2015 година донесе

**ОДЛУКА**
**За проширување и измена на распоредот на средствата на Буџетотна Општина ДЕМИР ХИСАР за 2015 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши проширување и измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Демир Хисар за 2015 година на следниот начин:

| Програма и назив на потпрограмата Потставка и опис на потставката | самофин. | Дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки:** | | | | |
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 723119 други помошни активност Во образованието | 142.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 142.000 | 0 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425990 други договорни услуги | 16.800 | 0 | 0 | 0 |
| 425920 услуги за копирање, Печатење и издавање | 12.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424440поправка и одржување на друга опрема | 84.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423110канцелариски материјали | 4.200 | 0 | 0 | 0 |
| 421410горива и масла (моторни Возила) | 15.000 | 0 | 0 | 0 |
| 420110патување во земјата-Хранарина (дневници) | 10.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 142.000 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина ДЕМИР ХИСАР и станува составен дел на Буџетот на општината за 2015 година.

**Бр.07-312/2** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.03.2015** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за реализација на проект „Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник-Смилево) –Манастир „Св.Петар-Боиште (делница од раскрсница со манастир „Св.Петар“)**

1.Ја објавувам Одлуката за реализација на проект „Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник-Смилево)-Манастир „Св.Петар“-Боиште (делница од раскрсница со Манастир „Св.Петар“) донесена на продолжението од 32-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.03.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-354/2** **Општина Демир Хисар**
**01.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**336.**Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.03.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
за реализација на проект
“Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник - Смилево) - Манастир “Св. Петар“ - Боиште (делница од раскрсница до Манастир “Св. Петар“)“.

Член 1

Со оваа одлука се потврдува дека проект **“Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник - Смилево) - Манастир “Св. Петар“ - Боиште (делница од раскрсница до Манастир “Св. Петар“)“** е приоритет за Општина Демир Хисар и истиот е вклучен во Програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици на Општина Демир Хисар за 2015 година.

За реализација на горенаведениот проект се дава согласност Општина Демир Хисар да аплицира до Министерство за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000 евра.

Член 2

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 28.830.577 денари (468.828 евра). Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за Општина Демир Хисар во вредност од 15.988.700 денари (260.000 евра), додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени преку долгорочно домашно задолжување на општината во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

**Бр. 17-312/3** **Претседател**
**30.03.2015 година** **на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за достава на целосна Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности**

1.Ја објавувам Одлуката за достава на целосна Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности донесена на продолжениеото од 32-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.03.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-354/3** **Општина Демир Хисар**
**01.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**337.** Врз основа на член 15 став 2 од Уредбата за Методологија за изработка на процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/2011) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.03.2015 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за достава на целосна Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности**

Член 1

Со оваа Одлука на Општина Демир Хисар и се одобрува достава на целосна “Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности“.

Член 2

Подрачното одделение на Регионалниот центар за управување со кризи Демир Хисар на Општина Демир Хисар

да и достави целосна "Процена на загрозеноста на подрачјето на Општина Демир Хисар од сите ризици и опасности" во електронска верзија.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

**Бр. 17-312/4** **Претседател**
**30.03.2015 година** **на Совет на Општина Демир Хисар**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-поплава**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-поплава донесена на 32-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.03.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-354/4** **Општина Демир Хисар**
**01.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**338.** Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување (Пречистен текст "Службен весник на РМ" бр.93/2012 и 41/2014), Одлуката за донесување на единствена методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди ("Службен весник на РМ" бр.75/01), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РМ" бр. 98/2005 и 152/2010) и член 15 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар ("Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/2002, бр. 4/2005 и 7/2009), Советот на општина Демир Хисар на својата редовна седница одржана на 27.03.2015 година, донесе:

**Одлука**
**За усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-поплава**

Член 1.

Се усвојува Елаборатот за проценка и утврдување на висината на штетата од природна непогода-поплава, што ја зафати општина Демир Хисар, во атарите на Демир Хисар, Граиште, Бараково, Единаковци, Света, Обедник, Вардино, Суводол, Загориче и Утово, Журче, Кутретино, Сопотница, Слепче, Белче и Бабино на 01.02.2015г.

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди на општина Демир Хисар.

Член 2.

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-312/5** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.03.2015 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за донесување на УП за општина Демир Хисар за 2015 година**

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на Програмата за донесување на УП за општина Демир Хисар донесена на продолжението од 32-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.03.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-354/5** **Општина Демир Хисар**
**01.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**339.** Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11 и 144/12; 70/2013; 55/2013 и 163/2013), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на продолжението на 32-рата седница одржана на ден 30.03.2015 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2015год.***

**Член 1**

Во членот 1, во глава IV, по точката 15 се додава нова точка 16, која се однесуваат на:
16. Изработка на ЛУПД за за објект со намена Д3 – спорт и рекреација, -фудбалски стадион со пропратни објекти, на КП бр. 1703/1, КО Демир Хисар.

**Член 2**

Измените на Програмата влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-312/6** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.03.2015 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти со намена Д3-спорт и рекреација-фудбалски стадион со пропратни објекти**

1.Ја објавувам Одлуката за за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти со намена Д3-спорт и рекреација-фудбалски стадион со пропратни објекти донесена на продолжението на 32-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.03.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-354/6** **Општина Демир Хисар**
**01.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**340.** Врз основа на член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст и Измените на Законот (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11;144/12; 70/2013; 55/2013, 163/2013), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на продолжението на 32-рата седница одржана на ден 30.03.2015 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти со намена Д3 – спорт и рекреација -фудбалски стадион со пропратни објекти**

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на ЛУПД за објект со намена Д3 – спорт и рекреација - фудбалски стадион со пропратни објекти, на КП бр. 1703/1, КО Демир Хисар. Планот се изработува по барање на општина Демир Хисар. Опфатот на ЛУПД е катастарската парцела 1703/1, КО Демир Хисар, со површина од 11910м$^2$.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-312/7** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.03.2015 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр.5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05; 7/09, 16/13 и 18/14 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање Согласност за Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за давање Согласност за Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар донесено на продолжението на 32-рата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 30.03.2015 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-354/7** **Општина Демир Хисар**
**01.04.2015 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р***

**341**.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/, а во согласност со член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13 и 18/14/, Советот на општина Демир Хисар на продолжението од 32-рата седница одржана на 30.03.2015 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање Согласност на Правилникот за измени и дополнување на Правилнот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар**

1. Се дава Согласност на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУД „Втори Септември " Демир Хисар.

2.Решението за согласност е составен дел на Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ „ Втори Септември“ Демир Хисар.

3.Решението за давање на Согласност на Правилникот за измени и дополонување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 17-312/8** **Совет на Општина Демир Хисар**
**30.03.2015 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

---------------------------------------------------------------------

С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за проширување и измена на распоредот на средства во Буџетот на општината Демир Хисар за 2015 година-------------------------------------------------------------------1
2.Одлука за реализација на проект „Изградба на локален пат раскрсница (локален пат Обедник-Смилево)-Манастир „Св.Петар“ –Боиште (делница од раскрсница до манастир „Св.Петар“) -----------------------------------------------------------1-2
3. Одлука за достава на целосна Процена на загрозеноста на подрачјето на општина Демир Хисар од сите ризици и опасности--------------------------------------------------------------2-3
4. Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-поплава-------------------------------------------------3
5. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за општина Демир Хисар за 2015 година-4
6. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти со намена Д3 – спорт и рекреација, -фудбалски стадион со пропратни објекти----------------------------------------------------4
7.Решение за давање Согласност за Правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈОУД„Втори Септември“ Демир Хисар-------------------------------------5

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**